CIVICA MOBILITAS

# 2015

# ДОВЕРБАТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор

**Автор**
Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка**
Даниела Стојанова, Мартина Цветаноска

ISBN 978-608-4681-14-4

Скопје, јули 2015 г.

**Контакт**
**МЦМС**, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
**Цивика мобилитас**, е-пошта: helpdesk@civicamobilitas.mk; веб-страница: http://www.civicamobilitas.mk/mk/
Facebook: https://www.facebook.com/civicamobilitas/

Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и СИПУ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарсата агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат
NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

## СОДРЖИНА


Содржина ........ 2

листа на кратенки ........ 4

Индекси ........ 5

Вовед ........ 7

- Термини и дефиниции ........ 7
- Методологија и пристап ........ 7

I. Доверба во граѓанското општество ........ 9

- Вовед ........ 9
- Доверба во чинителите на граѓанското општество ........ 9
- Ставови за граѓанските организации ........ 10
- Граѓанските организации и политичките партии ........ 12
- Доверба во граѓанските организации по потсектори на дејствување ........ 13
- Заклучоци ........ 14

II. Познавање и мислење за граѓанските организации ........ 16

- Вовед ........ 16
- Познавање на граѓанските организации ........ 16
- Познавање и ставови за конкретни граѓански организации ........ 22
- Заклучоци ........ 24

III. Толеранција кон различностите ........ 25

ПРИЛОЗИ ........ 26

- Прашалник ........ 26
- Примерок ........ 27
- Профил на МЦМС ........ 29
- Продолжи со читање ........ 30
- Како да се референцира ........ 30

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АДИ: Асоцијација за демократски иницијативи

БКМ: Бизнис-конфедерација на Македонија

ВМРО-ДПМНЕ: Внатрешно-македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство

ГО: Граѓански организации

ДПА: Демократска партија на Албанците

ДУИ: Демократска унија за интеграција

ЕУ: Европска Унија

ЗЕЛС: Заедница на единиците на локалната самоуправа

ЗИОМ: Заедница на инвалидските организации на Македонија

ЗНМ: Здружение на новинарите на Македонија

ИДСЦС: Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје

ЛФРЗ: Локална фондација за развој на заедницата – Штип

МРФП: Македонска развојна фондација за претпријатија

МЦМС: Македонски центар за меѓународна соработка

НАТО: Организацијата на Северноатлантскиот договор

ОН: Обединети нации

СДСМ: Социјалдемократски сојуз на Македонија

СЗПМ: Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

СОЖМ: Национален совет за родова рамноправност

ТМ:Транспарентност Македонија

ФООМ: Фондација Отворено општество Македонија

ФФРМ: Федерација на фармерите на Република Македонија

ХКЧП: Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија

ЦГИ: Центар за граѓанска иницијатива

ЦГК: Центар за граѓански комуникации

ЦЕА: Центар за економски анализи

ЦЕПРОСАРД: Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој

ЦИРа: Центар за институционален развој

Црвен крст: Црвен крст на Република Македонија

# ИНДЕКСИ

| Доверба во граѓанскиот сектор | 2015 | | 2013 | 2010 | 2008 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓански организации | 50,5 | ↓↓ | 59,3 | 42,5 | 41,2 | 45,4 | 50,3 |
| Цркви и верски заедници | 57,9 | ↓↓ | 66,9 | 62,9 | 65,6 | 65,6 | 68,4 |
| Синдикати | 35,3 | ↔ | 35,9 | 25,3 | 20,1 | 17,9 | 21,9 |
| Стопански комори | 35,9 | ↔ | 36,8 | 28,5 | 23,3 | 24,3 | 29,9 |
| Организации на работодавачи | 36,5 | ↔ | 35,6 | 27,2 | - | - | - |
| Неформални групи на граѓани | 40,6 | | - | - | - | - | - |
| Индекс на доверба во организации од граѓанскиот сектор | 42,8 | ↓ | 46,9 | 37,3 | 37,6 | 38,3 | 42,6 |

| Први пет препознаени како успешни граѓански организации |
|---|
| 2015 - Црвен крст, Меѓаши, Ел хилал, Мост, СОС Детско Село |
| 2013 – Црвен крст, Мост, Меѓаши, Ел хилал, СОС Детско село |
| 2010 - Црвен крст, Меѓаши, Ел хилал, Мост, ФИООМ |

| Индекси на познавање граѓански организации во одговор на општествените приоритети | 2015 | | 2013 | | 2010 | 2008 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат во **борбата против сиромаштијата**<br>Први препознаени организации:<br>2015- Црвен крст, Ел хилал, Хабитат, Меѓаши, СОС Детско село<br>2013 - Црвен крст, Ел хилал, Класје на добрината, Хабитат, МППС<br>2010 - Црвен крст, Ел хилал, МЦМС, ФИООМ, фондација Ренова | 42,3 | ↔ | 43,3 | ↑ | 38,3 | 52,2 | 29,9 | 37,8 |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат во **развојот на МСП, економскиот развој, вработувањето**[1]<br>Први препознаени организации:<br>2015-Ел хилал, Црвен крст, Хабитат, МРФП Центар за граѓански комуникации<br>2013 – ЦЕА, МРФП, БКМ, ПСМ, Фондација Даути<br>2010 – МРФП | 51,2 | ↑↑↑ | 16,5 | ↑↑ | 9,5 | 11,4 | 3,5 | - |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат во **локалниот и руралниот развој**<br>Први препознаени организации:<br>2015-ЗЕЛС, ФФРМ, ФООМ, Црвен крст, МРФП<br>2013 –ЗЕЛС, Цепросард, ФФРМ, ЦЕЛОР, СОС Детско село<br>2010 - ЗЕЛС | 47,4 | ↑↑↑ | 13,2 | ↔ | 13,4 | - | - | - |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат во **развојот на демократијата и човековите права**<br>Први препознаени организации:<br>2015-ХКЧП, Мост, ИДСЦС, АДИ, ФООМ<br>2013– ХКЧП, АДИ, Мост, Меѓаши, ФООМ<br>2010 - ХКЧП, Меѓаши, Мост, Разбуди се, ФИООМ | 68,0 | ↑↑↑ | 26,2 | ↔ | 28,8 | - | - | - |
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на **борбата против корупцијата**<br>Први препознаени организации:<br>2015-Мост, ХКЧП, ТМ, ЗНМ, ЦГК<br>2013 – ТИМ, ТМ, Мост, Аман<br>2010 - Транспарентност Македонија, ХКЧП, Мост, ЗНМ, Разбуди се | 37,9 | ↑↑↑ | 9,0 | ↓↓ | 14,1 | 22,3 | 12,0 | 15,3 |

[1] Во 2007 и во 2008 година е прашано за придонес во развојот на економијата

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на **развој/ јакнење на граѓанското општество**<br>Први препознаени организации:<br>2015- Мост, ЦГК, Цивил, ФООМ, ХКЧП<br>2013 – Мост, ИДСЦС, ФООМ, Аман<br>2010 - ФИООМ, МЦМС, Разбуди се, Меѓаши, Мост | 60,5 | ↑↑↑ | 17,3 | ↔ | 17,8 | 36,0 | 23,6 | 29,1 |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат во **градењето мултикултурно општество**<br>Први препознаени организации:<br>2015-МЦМС, ФООМ, Мост, ХКЧП, Црвен крст<br>2013 – ЗНМ, ЦИРа, ФООМ, Аква, Меѓаши<br>2010 - МЦМС, Разбуди се, Младински исламски форум, ФИООМ, ЗНМ | 46,2 | ↑↑↑ | 8,7 | ↓ | 13,2 | - | - | - |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат во **процесот на интеграција во ЕУ**<br>Први препознаени организации:<br>2015-МЦМС, ХКЧП, ИДСЦС, Мост, ФООМ<br>2013 – МЦМС, Европска куќа, МЦЕО | 38,5 | ↑↑↑ | | | | | | |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат за **промовирање родова еднаквост**<br>Први препознаени организации:<br>2015- СОЖМ, ХКЧП, Црвен крст, ОЖО Свети Николе, Флоренс Најтингел | 48,9 | | - | - | - | - | - | - |
| Познавање граѓански организации кои придонесуваат за **процесот на децентрализација**<br>Први препознаени организации:<br>2015- ЗЕЛС, ФООМ, Мост, МЦМС, ЦГК | 33,0 | | - | - | - | - | - | - |

| **Индекси на познавање и ставови за конкретни граѓански организации** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Препознавање граѓански организации | 52,0[2] | ↓↓ | 61,9[3] | 62,3 | 63,9 | 58,7 |
| Познавање граѓански организации | 31,5 | ↔ | 31,5 | 29,2 | 30,8 | 28,3 |
| Доверба во граѓански организации | 24,8 | ↔ | 23,7 | 21,4 | 23,5 | 22,4 |
| Позитивни/ негативни ставови за граѓански организации | 0,5 | ↓↓ | 4,9 | 3,5 | 4,4 | 4,3 |
| Први 10 на препознавање граѓански организации | 77,0 | ↓↓ | 82,3 | 82,2 | 83,2 | 81,6 |
| Први 10 на познавање граѓански организации | 55,1 | ↑↑ | 48,5 | 46,6 | 47,2 | 45,6 |
| Први 10 на доверба во граѓански организации | 46,2 | ↑↑ | 37,9 | 34,7 | 36,9 | 36,6 |
| Први 10 на позитивни/ негативни ставови за граѓански организации | 7,3 | ↔ | 8,4 | 5,5 | 7,4 | 6,8 |

**Легенда**

| | |
|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени |
| ↑ | мало зголемување |
| ↓ | мало опаѓање |
| ↑↑ | умерено зголемување |
| ↓↓ | умерено опаѓање |
| ↑↑↑ | големо зголемување |
| ↓↓↓ | големо опаѓање |

Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени

Мали = 3,01–5 процентни поени

Умерени = 5,01–10 процентни поени

Големи = над 10 процентни поени

[2] Во 2013 година граѓаните се запрашани за 31 граѓанска организација

[3] Во 2010 година граѓаните беа запрашани за 25 граѓански организации

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија“, кои се однесуваат на граѓанското општество[4], а која беше спроведена по шести пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија[5]. Целта на истражувањето беше да се испита довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество.

Оваа година извештајот е подготвен во рамките на проектот за поддршка на граѓанското општество „Цивика мобилитас“ на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). МЦМС му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата. Повеќе информации за МЦМС и Цивика мобилитас се дадени на крајот од извештајот.

## Термини и дефиниции

Во македонската јавност и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Во овој извештај е употребена дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009). Оваа дефиниција гласи „Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси“.

Според оваа дефиниција, во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници.

## Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице“ во домаќинствата во март 2015 година на репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

### Прашалник

Прашањата се подготвени од работна група во МЦМС, а за исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли:

- Доверба – општо (социокултурни норми);
- Доверба во граѓанското општество;
- Доверба во граѓанските организации;
- Познавање и мислење за граѓански организации во Македонија;
- Толеранција;
- Социодемографски карактеристики.

Во овој извештај се опфатени варијаблите кои се однесуваат на довербата и ставовите на граѓаните за граѓанското општество и толеранцијата. Прашалникот е даден во прилог 1.

### Примерок

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1000 испитаници, 49,8 % беа жени, а 50,2 % мажи, во однос на етничката застапеност, Македонците беа застапени со 68,3 %, а Албанците со 23,9 %, другите етнички групи беа застапени со 7,8 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 36,4 %, додека градската со 63,6 %. Целосен преглед на примерокот е даден во прилог 2.

### Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со маргина на грешка од +/- 3,5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

---

[4] Извештајот за довербата во луѓето и институциите е објавен посебно и може да се најде на:

[5] Анкетата започна да се спроведува во 2006 година. Претходните извештаи може да се најдат на:

Покрај бројките е прикажан трендот во однос на резултатите од 2013 година за афирмативните одговори (на пр. има доверба), за оние податоци кои се споредливи со истражувањето од 2013 година. Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба употребени се и индекси (показатели). Во табелата подолу се дадени објаснувањата за индексите за граѓанските организации.

Незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

| **Индекси на познавање граѓански организации во одговор на општествените приоритети** | |
|---|---|
| Индекс на познавање граѓански организации кои работат во полето на сиромаштијата, борбата против корупцијата, развој на економијата, развој на граѓанското општество и др. | = Σ знам |
| **Индекси на познавање и ставови за испитуваните 31 граѓанска организација** | |
| Препознавање граѓански организации | = Σ сум слушнал/ број на организации |
| Познавање граѓански организации | = Σ знам/ број на организации |
| Доверба во граѓански организации | = Σ позитивно мислење/ број на организации |
| Позитивни/ негативни ставови за граѓански организации | = Σ количник на позитивни и негативни ставови/ број на организации |
| Први 10 граѓански организации на препознавање | = Σ сум слушнал/ први 10 организации |
| Први 10 граѓански организации на познавање | = Σ знам/ први 10 организации |
| Први 10 на доверба во граѓански организации | = Σ позитивно мислење/ први 10 организации |
| Први 10 на позитивни/ негативни ставови за граѓански организации | = Σ количник на позитивни и негативни ставови/ први 10 организации |

# I. ДОВЕРБА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

## Вовед

Општиот пад на довербата е рефлектиран и во падот на довербата во граѓанското општество. Споредбено со последното истражување од 2013 г. општата доверба е намалена за 3,2 процентни поени и изнесува 52,8%. Што се однесува до довербата во организациите од граѓанскиот сектор, индексот бележи пад од 46,9 во 2013 година на 42,8 во истражувањето во 2015 година.

Какви се трендовите на доверба внатре по чинители на граѓанското општество ќе биде презентирано во овој дел од извештајов.

## Доверба во чинителите на граѓанското општество

**Графикон I.1. Колку доверба имате во:**




Најголемиот пад на довербата од девет процентни поени е забележан кај црквите и верските заедници кој изнесува 57,9%, но, и покрај тоа, довербата во црквите и верските заедници се уште е повисока од довербата во другите чинители на граѓанското општество. Намалена доверба од приближно девет процентни поени е забележана и кај граѓанските организации (здруженија и фондации) и изнесува 50,5%, за разлика од 59,3% во 2013 г.

И покрај ваквиот пад, црквите и верските заедници и здруженијата и фондациите уживаат мнозинска доверба што е поразлично од другите чинители. Имено, довербата во синдикатите, стопанските комори и организациите на работодавачите, се движи од 35,3% до 36,5%. Кај нив, разликите споредбено со 2013 се незначителни и се движат во рамките до еден процентен поен помалку кај синдикатите и стопанските комори и еден процентен поен повеќе кај организациите на работодавачите.

Оваа година за прв пат е поставено прашањето за довербата во неформалните групи на граѓани и истата изнесува 40,6%.

Паднала довербата во граѓанските организации кај нивните најголеми поддржувачи, студентите и младите. Според истражувањето направено во 2013 година, таа изнесувала 77,0% кај студентите, односно 69,0% кај младите на возраст меѓу 18 и 29 години додека во 2015[6] година таа е 47,0% кај студените, односно 55,0% кај младите на возраст меѓу 18 и 29 години. Со анкетата се покажува и дека студентите немаат голема доверба и во неформалните здружување. Овие резултати не се во иста насока со случувањата од

[6] Процентите се пресметани од валидните резултати (не се вклучени одговорите „без одговор“).

изминатата година и пред се активностите на Студентскиот пленум. Масовноста на протестите беа одраз на граѓанскиот активизам предводен токму од младите и студентите.

Голема разлика во довербата во граѓанските организации има меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ исто како и во 2013 г. имаат најголема доверба во граѓанските организации (69,7%), додека симпатизерите на СДСМ за 19 процентни поени помалку веруваат во граѓанските организации (50,7%).

## Ставови за граѓанските организации

Покрај прашањата за довербата на граѓаните во граѓанското општество, испитаниците имаа можност да одберат по еден став од вкупно три групи на ставови за граѓанските организации разложени во неколку прашања. Ставовите поврзани со политичките партии се презентирани подолу во посебен дел.

**Графикон I.2. Ставови за граѓанските организации - за граѓаните или за странските интереси?**




Првиот избор на ставови се однесуваше на целите на постоење (организирање) на граѓанските организации, односно дали тие се изворни иницијативи на граѓаните со цел да се остварат нивните интереси или се финансирани од странски држави и фондации за да ги пренесуваат интересите на тие држави. Граѓаните речиси се со подеднакво поделено мислење. Само два процентни поени повеќе граѓаните веруваат дека организациите се основани за да остварат заеднички интерес за општо добро од оние кои веруваат дека организациите се поттикнуваат од странски држави и фондации. Секој трет граѓанин нема свој став за овие прашања. Споредбено со 2013 се забележува пад во однос на првиот став, но не е на сметка на граѓани кои се одлучиле за вториот став, туку на сметка на оние кои останале без одговор (од 13,3% во 2013 г. на 31, 4% во 2015 г.).
Поголема разлика од просекот има кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Мнозинство од нив (50%) веруваат дека граѓанските организации се локално мотивирани, за разлика од 31.6% од симпатизерите на СДСМ кои го мислат истото.

**Графикон I.3. Ставови за граѓанските организации - за општ или личен интерес**




Во јавноста се уште предничи ставот дека граѓанските организации се можност за остварување на лични интереси на поединци (36,4%), наспроти ставот дека основањето и дејствувањето се за остварување на јавен или поширок интерес (33,8%). Иако соодносот помеѓу овие два става останал не променет споредбено со 2013 г., евидентен е падот на позитивниот став вклучително и зголемениот процентот на испитаници кои останале без одговори или без мислење.

Вработените во јавниот сектор (46%) и студентите (46%) почесто од просекот го одбирале првиот став односно, дека организациите се основаат за остварување на јавен интерес.

**Графикон I.4. Ставови за транспарентноста на граѓанските организации**




Транспарентноста на граѓанските организации не е силна страна според испитаниците. Секој петти граѓанин (20,9%) смета дека организациите дејствуваат транспарентно и даваат отчет за својата работа и финансии. Овие резултати се поразлични од оние во 2013 г. кога секој трет граѓанин (33,3%) сметал дека организациите се транспарентни. Околу 15 процентни поени или 35,3% е поголем бројот на оние сметаат дека граѓанските организации дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет. Како и кај претходните два става и овде има големо зголемување на испитаниците кои решиле да одберат не знам или без одговор. Па така, 43,7% од испитаниците се доминантно без мислење. Отстапки од просекот повторно има по основ на симпатизери на политички партии, односно

симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ се со доминантно позитивен став и по ова прашање споредбено со другите политички партии.

**Табела I.1. Перцепција на симпатизерите на политичките партии за транспарентноста на ГО**

| | ВМРО ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Друга[7] | Без одговор[8] | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГО се транспарентни** | 36,0% | 14,7% | 24,6% | 6,9% | 30,4% | 13,5 % | 21,0% |
| **ГО не се транспарентни** | 32,3% | 42,6% | 43,9% | 2,6% | 26,7% | 38,4% | 31,1% |
| **Не знам/нема одговор** | 31,7% | 42,7% | 31,5% | 90,5% | 42,9% | 48,2% | 47,9% |

## Граѓанските организации и политичките партии

**Графикон I.5. Политичките партии и нивните лидери**




Кога е во прашање односот на политичките партии кон граѓанските организации, перцепцијата на граѓаните е дека постои напредок. За цели 19 процентни поени е подобрено мислењето на граѓаните за оваа релација. Односно, ставот дека политичките партии ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации кога имаат таков интерес, сега го споделуваат 24,4% за разлика од 2013 година кога тоа бил заеднички став на 43,5% од испитаниците. Трендот на подобрување на овој став е постојан и потврден со сите претходни истражувања (види Табела I.2.). Иако има мало зголемување, сепак истото е незначително во однос на ставот дека политичките партии основаат граѓански организации кои потоа ги користат како гласноговорници. За овој став се определиле 23,9% споредбено со 20,6% од 2013 г. Од друга страна, умерено намалување од 6,5 процентни поени има во определбата за ставот дека политичките партии ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки. Само 11,3% од испитаниците се со ваков став.

**Табела I.2. Споредба на ставовите за граѓанските организации и политичките партии во 2015, 2013, 2010 и 2008 г.**

| | 2015 | 2013 | 2010 | 2008 |
|---|---|---|---|---|

[7] Ги вклучува одговорите: ДПА/Села, БЕСА и Друга

[8] Ги вклучува одговорите: Ниту една; Не сакам да кажам; Не знам и Без одговор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Водат сметка за ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и на локално ниво | 11,3% | 17,8% | 10,3% | 18,2% |
| Кога имаат партиски интереси, ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес, ги осудуваат како блиски до другата страна | 24,4% | 43,5% | 51,3% | 52,7% |
| Основаат граѓански организации и ги користат како свои гласноговорници | 23,9% | 20,6% | 22,7% | 29,1% |

Слично како и во 2013, симпатизерите на СДСМ во најголем процент сметаат дека граѓанските организации се злоупотребуваат од политичките партии. Имено, само 5,8% од нив веруваат дека политичките партии водат сметка за ставовите на граѓанските организации. Со сличен став се и симпатизерите на ДПА (7,0%) и ДУИ (8,9%) наспроти 27,6% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, симпатизерите на СДСМ се најбројни и во избор на ставот дека политичките партии основаат граѓански организации и ги користат како свои гласноговорници.

**Табела I.3 Перцепција на симпатизерите на политичките партии за односот на партиите кон ГО**

| | СДСМ | ДУИ | ВМРО-ДПМНЕ | ДПА |
|---|---|---|---|---|
| Политичките партии основаат граѓански организации и ги користат како свои гласноговорници | 36,2% | 23,7% | 17,9% | 12,0% |

## Доверба во граѓанските организации по потсектори на дејствување

Оваа година направена е измена во прашањата за сектори на делување, односно отфрлени се некои од нив како секторот култура, потоа секторот спорт, хоби и рекреација и сл. А додадени се секторите: Стари лица, Образование, Наука и истражување, потоа Меѓуетнички односи, ЛГБТ и др.

Довербата на граѓаните во граѓанските организации бележи пад во сите потсектори. Она што останува исто во резултатите од ова истражување е редоследот на секторите. И понатаму организациите коишто се занимаваат со прашањата од областа на децата, младите и студентите, потоа организациите за/на лица со посебни потреби и организациите со фокус на родовите прашања се водечките три потсектори.

Намалувањето на доверба е евидентирана кај сите потсектори, а најмногу во потсекторот на демократија, човекови права и владеење на правото. За разлика од 2013 кога во ниту еден сектор не доминираше недовербата наспроти довербата, во ова истражување има повеќе потсектори за кои недовербата е повисока од довербата. Најизразена е разликата за секторите на ЛГБТ, македонска дијаспора, децентрализација, информации комуникации и медиуми, развој на граѓанско општество и сл.

**Табела I.3. Доверба во граѓански организации според потсектори на дејствување**

| Потсектор | Има | | Нема |
|---|---|---|---|
| Деца, млади и студенти | 65,0% | (↓↓) | 26,9% |
| Лица со хендикеп (посебни потреби) | 62,4% | (↓↓) | 28,6% |
| Жени и родови прашања | 60,8% | (↓↓) | 30,1% |
| Стари лица | 57,0% | | 29,3% |
| Образование, наука и истражување | 56,8% | | 34,4% |
| Социјална грижа, хуманитарни | 55,6% | (↓) | 38,2% |
| Животна средина и природа (екологија) | 55,4% | (↓) | 36,6% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локален и рурален развој (фармери, земјоделци...) | 49,0% | (↓) | 41,9% |
| Меѓуетнички односи | 46,9% | | 42,5% |
| Демократија, човекови права и владеење на правото | 43,4% | (↓↓↓) | 46,6% |
| Професионални (струкови) здруженија | 42,3% | (↓↓) | 41,4% |
| Информации, комуникации и медиуми | 41,3% | | 50,1% |
| Развој на граѓанско општество | 41,0% | | 44,4% |
| Децентрализација | 35,0% | | 45,5% |
| Македонска дијаспора | 34,7% | | 44,2% |
| ЛГБТИ | 17,9% | | 63,1% |

## Заклучоци

### Граѓанското општество и граѓанските организации (здруженија и фондации) имаат намалена но се уште мнозинска доверба од граѓаните.

Довербата во граѓанското општество е намалена како и општата доверба и довербата во институциите. Општата доверба е 52,8%, а мнозинска е и довербата во црквите и верските заедници (57,9%), и во граѓанските организации (50,5%). Оваа година за прв пат е испитувана довербата во неформалните здружувања која изнесува 40,6% и е поголема од онаа кај другите чинители во граѓанското општество како што се организациите на работодавачите, синдикатите и стопанските комори.

### Промена во групите поддржувачи на граѓанските организации

За разлика од 2010 г. и 2013 г. кога студентите и младите беа главните поддржувачи на граѓанските организации, сега, нивната доверба е значително намалена.

Големи разлики во довербата во граѓанските организации има меѓу симпатизерите на политичките партии, пред се меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ чија доверба изнесува 69,7% и оние на СДСМ чија доверба е 50,7%.

Со истражувањата во 2010 г. и 2013 г. беше констатирано дека големата поддршка на граѓанските организации од студентите и младите може да води до зголемен граѓански активизам, што се потврди со студентските протести и другите случаи на практикување на слободата на собирање во 2014 и 2015. Оваа анализа ја вклучи и поддршката во неформалните групи на кои главно припаѓаа граѓанските активистички движења. Останува да се види дали намалената поддршка од студентите и младите ќе води кон стагнирање на граѓанскиот активизам во иднина.

### Повторна доминација на негативните ставови и/или поделено мислење за намерите на делување на граѓанските организации и за нивната транспарентност.

Во 2013 г. за прв пат беше забележано преовладување на позитивните над негативните ставови за граѓанските организации. Имаше и мнозински став дека организации се основани за остварување на домашните интереси, а не за потребите на странските држави. Во ова истражување, повторно доминираат негативните ставови или постои изедначеност. Иако кај граѓаните се уште доминира ставот дека организациите не се водени од странски интереси, од друга страна повеќето испитаници веруваат дека организациите не се транспарентни и се грижат за остварување на лични цели на поединци. Забележан е и голем број граѓани кои немаат мислење за овие ставови.

### Зголемена независност на граѓанските организации од политичките партии.

Граѓаните сметаат дека политичките партии помалку од претходно ги „искористуваат" организациите со цел да ги присвојат нивните идеи, но исто така не веруваат дека политичките партии ги почитуваат организациите и ги вклучуваат во донесувањето на одлуките. Голема е разликата во перцепцијата на граѓаните за искористувањето на идеите

и присвојување на ставовите на граѓанските организации од страна на политичките партии во одговорите во 2013 г (43,5%). и 2015 г.(24,4%). И понатаму малцинство граѓани (11,3 %) веруваат дека политичките партии ги почитуваат организациите и ги вклучуваат во донесувањето на одлуките.

### Намалена доверба во потсекторите, иако за дел од нив се уште е над просечната.

И оваа година довербата во одделни потсектори е повисока од просечната (општа) доверба во граѓанските организации, иако намалена споредбено со 2013 г., и за 10 процентни поени. Така, организациите на деца, млади и студенти (65,5%), на лицата со посебни потреби (62,4 %), на жени и родови прашања (60,8 %) и сл., се со доверба поголема од општата доверба во граѓанските организации. Кај шест од вкупно 16 сектори преовладува немањето доверба. Најизразена е разликата на немање наспроти имање доверба кај секторот кој се занимава со заштита на ЛГБТ групите и изнесува 63,1% недоверба наспроти 17,9% доверба.

# II. ПОЗНАВАЊЕ И МИСЛЕЊЕ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

## Вовед

Истражувањето ги опфати општото познавање на граѓанските организации, познавањето организации кои работат во конкретни области и на триесет и една граѓанска организација.

## Познавање на граѓанските организации

Граѓаните беа запрашани да наведат една или повеќе успешни граѓански организации, т.е. организации кои според нивното мислење се активни и постигнуваат резултати.

**Графикон II.1. Препознаени први 10 граѓански организации како успешни**




Големо мнозинството од граѓаните (82,2 %) знаат да наведат успешна граѓанска организација што е за повеќе од 28 пп повеќе во однос на 2013 година кога тој процент изнесувал 53,8%. Препознаени се околу 50 конкретни граѓански организации најмалку од еден граѓанин. Први десет граѓански организации кои граѓаните ги наведуваат како успешни се: Црвен крст, Мећаши, Ел хилал, Мост, СОС Детско село, Хабитат, Студентски пленум, Хелсиншки комитет, ЗНМ и Сојуз на здруженија на пензионери. Четири од овие организации беа наведени како најуспешни и во 2008 и во 2010 година (Црвен крст, Мост, Мећаши и Ел хилал). Познавањето граѓански организации кои дејствуваат во осум конкретни области е истражувано барајќи од испитаниците спонтано да наведат три организации кои придонесуваат во нив. Истражувано беше познавањето на граѓанските организации, кои дејствуваат во областите: Борба против сиромаштијата; Развој на малите и средните претпријатија, економски развој, вработување (понатаму: економски развој); Локалниот и руралниот развој; Развој на демократијата и човековите права; Борба против корупцијата; Јакнење на граѓанското општество; Градењето мултикултурно општество; и, Процесот на интеграција во ЕУ. Во 2015 г. малцинство или мало малцинство граѓани знаат да наведат организации кои дејствуваат во овие осум области. За забележување е дека граѓаните како субјекти кои најмногу придонесуваат во одредени области наведуваат и некои од државните институции, и покрај тоа што од испитаниците е побарано да наведат граѓанска организација.

**Графикон II.2. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во борбата против сиромаштијата**




Малцинство граѓани (42,3 %) знаат да наведат најмалку една граѓанска организација која придонесува во борбата против сиромаштијата. Црвен крст и Ел Хилал беа препознаени меѓу првите пет организации и во 2008, во 2010 и во 2013 г., а Ел Хилал и во 2007 г.

**Графикон II.3. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат за економски развој, за вработување и за развој на мали и средни претпријатија**




Малку над половина од испитаниците (51,2%) не знаат да наведат ниту една конкретна граѓанска организација која придонесува во економскиот развој. Ова се подобри резултати во однос на 2013 година кога тој процент изнесувал околу 80 %. Во 2007 и 2010 г. граѓаните препознале само една конкретна граѓанска организација, МРФП.

**Графикон II.4. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во локалниот и во руралниот развој**




Речиси половина од граѓаните (47,4 %) знаат да наведат најмалку една граѓанска организација која придонесува во локалниот и во руралниот развој. За разлика од 2013 кога тој процент изнесувал 13,2 % и 2010 година, кога беше препознаена една конкретна граѓанска организација, т.е. ЗЕЛС, овој пат се препознаени повеќе од 30. Меѓу посочените нема локални или национални институции што беше случај во претходното истражување.

**Графикон II.5. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во развој на демократијата и човековите права**




Мнозинство од испитаниците(68,0 %) знаат да наведат најмалку една граѓанска организација која придонесува во развојот на демократијата и човековите права. И овде има подобри резултати во однос на претходното истражување во 2013 година кога малцинство од испитаниците препознале организација што работи во оваа област. ХКЧП, Мост, ИДСЦС, ФООМ и АДИ се константа во последните две истражувања.

**Графикон II.6. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во борбата против корупцијата**




Најмалку една граѓанска организација која придонесува во борбата против корупцијата може да препознае малцинство граѓани (37,9 %). Овој процент пораснал за 29 пп во однос на истражувањето во 2013 година. Граѓаните препознале околу 30 различни граѓански организации кои работат на оваа тема.

**Графикон II.7. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во јакнењето на граѓанското општество**




Мнозинство граѓани (60,5 %) знаат да наведат најмалку една конкретна граѓанска организација која придонесува во јакнењето на граѓанското општество. Во оваа област зголемувањето во однос на 2013 година е 43 пп. Познавањето организации кои го јакнат граѓанското општество во 2013 било речиси на исто ниво со тоа од 2010 г.

**Графикон II.8. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во градењето мултикултурно општество**




Најмалку една конкретна граѓанска организација која придонесува во градењето мултикултурно општество препознаваат речиси половина од граѓаните (46,2%) за разлика од 2013 година кога таа бројка била само 7,4 %. Граѓаните препознале 44 различни граѓански организации кои работат во оваа област.

**Графикон II.9. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат во процесот на интеграција во ЕУ**




Пораснал процентот на граѓани кои знаат да наведат граѓански организации кои придонесуваат за интеграциите во ЕУ од 5% во 2013 година на 38,5% во 2015 година. Граѓаните препознале вкупно 28 такви организации.

Во полето на европски интеграции и борба против корупцијата најмал број граѓани препознава граѓански организации.

**Графикон II.10. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат за промовирање на родова еднаквост**




За прв пат граѓаните беа прашани дали препознаваат граѓански организации кои работат на промовирање на родовата еднаквост. Речиси половина од испитаниците (48,9%) знаеле да наведат такви организации, односно, навеле вкупно 40.

**Графикон II.11. Препознаени први пет граѓански организации кои придонесуваат за процесот на децентрализација**




Ова е уште едно прашање за прв пат поставено во истражувањето за довербата во граѓанското општество. Вкупно 33,0% од испитаниците знаат да наведат барем една организација која работи во оваа област или вкупно 40 различни граѓански организации.

## Познавање и ставови за конкретни граѓански организации

Со истражувањето беа опфатени и 35 конкретни граѓански организации, кои дејствуваат на регионално или на национално ниво во повеќе сектори. Граѓаните беа запрашани поединечно за секоја од организациите за општата информираност (слушнале), познавањето (знаат) и за нивното мислење за овие организации (позитивно/ негативно). Слично на претходните години кога е спроведувано истражувањето, граѓаните покажуваат различна информираност и познавање за различни организации. Општата информираност е значително поголема од познавањето на сите испитувани граѓански организации. Над 60 % од граѓаните слушнале за 13 од испитуваните 35 организации. Освен Црвен крст, Меѓаши, Мост, СОС Детско село, ХКЧП, СЗПМ, ЗНМ, ФООМ, Студентски пленум, СОЖМ, ЗИОМ и ФФРМ кои ги познаваат големо мнозинство граѓани и ЗЕЛС, Полио Плус, МЦМС, ТМ и ЦГК кои ги познаваат мнозинство граѓани, останатите организации ги познаваат помалку од половината граѓани.

**Графикон III.9. Знам / сум слушнал за:**



Споредба на информираноста и познавањето во однос на 2013 година може да се направи за 23 од испитаните организации. Кај поголем дел од овие 23 организации се појавуваат значителни или умерени разлики во информираноста и познавањето во однос на 2013 г. Поточно, информираноста на граѓаните за конкретни граѓански организации е зголемена за седум, а намалена за два од нив, додека познавањето е зголемено за четири граѓански организации, а намалено за седум во споредба со 2013 г.

**Графикон III.10. Однос на позитивни наспроти негативни ставови за одредени граѓански организации** (редоследот на организациите во графиконот е според вредноста на односот позитивно/ негативно мислење)



Позитивно во однос на негативното мислење преовладува кај граѓаните речиси за сите граѓански организации за кои беше испитувано јавното мислење. Само кај една преовладува негативно мислење.

За 23 граѓански организации можеме да ги споредиме ставовите на граѓаните од 2013 г. Од тогаш позитивното мислење на граѓаните се зголемило за две организации, а за 14 организации може да се каже дека мислењето на граѓаните не се сменило, односно има незначителни промени во ставовите на граѓаните. Има значително или умерено намалување на позитивното мислење за седум од организациите.

Ставовите на граѓаните не мора да значат дека одредени организации се „добри" или „лоши", а може да се во врска со областа во која дејствуваат организациите и прашањата со кои се занимаваат тие. Очекувано е дека граѓаните имаат попозитивно мислење за организациите кои се занимаваат со прашања за кои нема поделени ставови во општеството и обратно.

## Заклучоци

### Мнозинство од граѓаните знаат успешни граѓански организации

Големо мнозинство од граѓаните (82,2%) знаат да наведат успешна граѓанска организација, што е значително повеќе во однос на 2013 г. Најмалку од по еден граѓанин како успешни се препознаени околу 50 организации. Најпрепознаена организација од граѓаните како успешна е Црвениот крст, исто како и во 2013 г.

**Подобрено е познавањето организации кои дејствуваат во конкретни области**
Во три од проверените 10 области на делување мнозинство од граѓаните знаат да наведат најмалку една организација и тоа во областите: економски развој, вработување и развој на мали претпријатија (51,2%), демократија и човекови права (68,0%) и јакнење на граѓанското општество (60,5%). Во седум од областите малцинство граѓани (под 50 %) знаат да наведат најмалку една граѓанска организација која придонесува во одредена област. Најмалку организации препознаваат во полето на борба против корупцијата (37,9%), европските интеграции (38,5%) и децентрализација (33,0%). Во однос на истражувањето направено во 2013 година, кај сите конкретни области има зголемено препознавање на организации.

### Општата информираност е значително поголема од познавањето на граѓанските организации

Општата информираност е значително поголема од познавањето на сите 35 испитувани граѓански организации. Мнозинство граѓани (над 50 %) слушнале за половината од испитуваните организации, а ги познаваат четири од 35-те испитувани граѓански организации. Повторно Црвен крст е организацијата за која граѓаните се најинформирани и која ја познаваат.

### Граѓаните имаат позитивно мислење за граѓанските организации

Во јавноста преовладува позитивното мислење за сите испитувани граѓанските организации. Појавата на негативно мислење за најголем дел од организациите е кај една организација. Позитивното мислење се зголемило за две од организациите кои беа испитувани и во 2013 г., а кај останатите има незначителни промени. Има значително или умерено намалување на позитивното мислење за седум од организациите.

# III. ТОЛЕРАНЦИЈА КОН РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Истражувано е дали граѓаните (не) би сакале да имаат соседи од одредени маргинализирани групи, наведени во графиконот подолу.

**Графикон III.11 (Не)толеранција кон соседи од следниве групи:**




Бројките покажуваат дека е висока нетолеранцијата кон зависниците од дрога, од алкохол, припадниците на ЛГБТИ, лицата заболени од СИДА и луѓето со криминално минато и се движи од 79,1% до 88,2%. За висок процент од испитаниците (79,8%) е прифатливо да имаат соседи од друга етничка припадност или од друга вера (78,4%). Иако мнозинска, толеранцијата паѓа кај припадници на друга политичка партија, невенчани парови кои живеат заедно, лица со хендикеп, Роми и имигранти и се движи од 67,2% до 51,0%. Кај лицата со хендикеп и припадниците на друга политичка партија, толеранцијата расте со возраста на испитаниците од 48,0%, односно 61,0% кај оние на возраст меѓу 18 и 29 години до 69,0%, односно 82,0% кај оние на возраст над 60 години. Кај дел од групите, видливи се разлики и врз основа на етничката припадност на испитаниците. Тие се прикажани во табелата III.1

**Табела III.1 Влијанието на етничката припадност на (не)толеранцијата кон дел од групите**

| Би сакал/а | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
|---|---|---|
| Соседи да ми бидат невенчани парови кои живеат заедно | 73% | 46% |
| Соседи да ми бидат лица членови на политичка партија спротивна од мојата? | 75% | 43% |
| Соседи да ми бидат лица со хендикеп? | 68% | 34% |
| Соседи да ми бидат припадници на субкултурни групи? | 34% | 23% |

# ПРИЛОЗИ

## Прашалник

## Доверба во граѓанското општество

**П1. Наведете колку доверба имате во секоја од институциите од граѓанскиот сектор**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓански организации (невладини, здруженија и фондации) | | | | | | |
| Цркви и верски заедници | | | | | | |
| Синдикати | | | | | | |
| Стопански комори | | | | | | |
| Организации на работодавачи | | | | | | |

## Ставови за граѓанските организации

**П2. Со која од следните изјави се согласувате?**

1 - Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се остварат нивните домашни интереси.

2 - Граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси.

Не знам (спонтано)/ без одговор (спонтано)

**П3. Со која од следните изјави се согласувате?**

1 - Граѓанските организации се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/ или поширок интерес.

2 - Граѓанските организации се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци.

Не знам (спонтано)/ без одговор (спонтано)

**П4. Со која од следните изјави најмногу се согласувате (еден одговор)?**

Политичките партии и лидери...

1 2 - кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес, ги осудуваат како блиски на другата страна.

- ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и на локално ниво.

3 - основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници.

Не знам (спонтано)/ без одговор (спонтано)

**П5. Со која од следните изјави се согласувате?**

1. Граѓанските организации дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии.
2. Граѓанските организации дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии.

| **П6. Колку доверба имате во граѓанските организации кои дејствуваат во една од следниве области?** | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија, човекови права и владеење на правото | | | | | | |
| Деца, млади и студенти | | | | | | |
| Жени и родови прашања | | | | | | |
| Животна средина и природа (екологија) | | | | | | |
| Лица со хендикеп | | | | | | |
| Култура | | | | | | |
| Локален и рурален развој (фармери, земјоделци...) | | | | | | |
| Спорт, хоби, рекреација | | | | | | |
| Социјална грижа, хуманитарни | | | | | | |
| Професионални (струкови) здруженија | | | | | | |

## Познавање и мислење за граѓански организации во Македонија

**П7. Наведете една или повеќе успешни граѓански организации (активни, постигнуваат резултати и сл.) кои ги познавате:**_______________________________________________

Не знам (спонтано)/ без одговор (спонтано)

**П8. За секое од наведените подрачја, наведете по три организации во Македонија, кои според вашето мислење придонесуваат во решавање на општествените приоритети**:

- Борба против сиромаштијата:
- Економски развој, вработување и развој на малите и средните претпријатија
- Локален и рурален развој:
- Развој на демократијата и човековите права:
- Борбата против корупцијата:
- Јакнење на граѓанското општество:
- Градење мултикултурно општество:
- Процес на интеграција во ЕУ:

**П9. Кои се вашите познавања и мислења за следните граѓански организации:**
1 – никогаш не сум слушнал за таа организација
2 - сум слушнал, но не знам речиси ништо
3 - имам многу негативно мислење
4 - имам негативно мислење
5 - позитивно мислење
6 - многу позитивно мислење

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ел хилал | | | | | | | | |
| Црвен крст на Република Македонија | | | | | | | | |
| Хабитат – Здружение за хумано домување | | | | | | | | |
| Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП) | | | | | | | | |
| ПСМ Фондација – YES Инкубатор | | | | | | | | |
| Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) | | | | | | | | |
| Федерација на фармерите на Република Македонија | | | | | | | | |
| Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој ЦЕПРОСАРД | | | | | | | | |
| Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ) | | | | | | | | |
| Мeѓаши - Прва детска амбасада во светот | | | | | | | | |
| Заедница на инвалидските организации на Македонија | | | | | | | | |
| Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија | | | | | | | | |
| Мост - Граѓанска асоцијација | | | | | | | | |
| Полио плус - Движење против хендикеп | | | | | | | | |
| Национален совет на жените на Република Македонија (СОЖМ) | | | | | | | | |
| СОС Детско село | | | | | | | | |
| Здружение ХОПС – Опции за здрав живот | | | | | | | | |
| Сојуз на здруженијата пензионерите на Македонија | | | | | | | | |
| Кризен центар Надеж | | | | | | | | |
| Отворена порта – Ла страда | | | | | | | | |
| Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС) | | | | | | | | |
| Транспарентност Македонија | | | | | | | | |
| Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) | | | | | | | | |
| Центар за институционален развој (ЦИРа) | | | | | | | | |
| Фондација Отворено општество Македонија (ФООМ/ Сорос) | | | | | | | | |
| Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) - Гостивар | | | | | | | | |
| Центар за граѓанска иницијатива (ЦГИ) – Прилеп | | | | | | | | |
| Локална фондација за развој на заедницата - Штип | | | | | | | | |
| Бизнис-конфедерација на Македонија | | | | | | | | |
| Центар за економски анализи - ЦЕА | | | | | | | | |
| Аман | | | | | | | | |

## Примерок

Примерокот опфати 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Маж | 47,2 |
| Жена | 52,8 |
| Возраст | % |
| 18-29 години | 28,6 |
| 30-39 години | 20,2 |
| 40-49 години | 19,5 |
| 50-65години | 22,0 |
| Над 65 години | 9,6 |
| Етничка припадност | % |
| Македонец/ка | 67,2 |
| Албанец/ка | 26,4 |
| Турчин/ка | 2,8 |
| Ром/ка | 1,4 |
| Србин/ка | 0,9 |
| Влав/инка | 0,5 |
| Бошњак/чка | 0,2 |
| Друго | 0,6 |
| Припадност на религија | % |
| Православна | 67,5 |
| Исламска | 31,2 |
| Католичка | 0,2 |
| Друга | 0,4 |
| Не припаѓам на ниедна религија/ атеист | 0,6 |
| Религиозност | % |
| Религиозна личност | 87,0 |
| Нерелигиозна личност | 9,5 |
| Атеист | 1,5 |
| Без одговор | 2,0 |
| Работен статус | % |
| Вработен во јавен сектор | 16,0 |
| Вработен во приватен сектор | 26,9 |
| Земјоделец | 3,1 |
| Студент | 10,0 |
| Домаќинка | 9,6 |
| Невработен | 19,4 |
| Пензионер | 14,3 |
| Без одговор | 0,6 |
| Социјален статус  (самоперцепција) | % |
| Висока класа | 3,2 |
| Повисока средна класа | 29,4 |
| Пониска средна класа | 39,8 |
| Работничка класа | 17,2 |
| Пониска класа | 7,7 |
| Без одговор | 2,8 |
| Образование | % |
| Незавршено основно | 2,8 |
| Основно | 14,0 |
| Средно | 53,3 |
| Вишо/ високо | 29,9 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 39,8 |
| Урбано (град) | 43,1 |
| Скопје | 17,2 |
| Месечни приходи по член на домаќинство | % |
| до 1.500 ден. | 4,6 |
| 1.501 - 3.000 ден. | 2,8 |
| 3.001 - 4.000 ден. | 3,7 |
| 4.001 - 5.000 ден. | 3,2 |
| 5.001 - 6.500 ден. | 4,2 |
| 6.501 - 8.000 ден. | 6,0 |
| 8.001 - 11.000 ден. | 11,9 |
| 11.001 - 15.000 ден. | 16,7 |
| 15.001 - 24.000 ден. | 17,3 |
| Над  24.000 ден. | 21,5 |
| Без одговор | 8,1 |
| Политичка ориентација | % |
| Лева | 7,7 |
| 2 | 0,9 |
| 3 | 2,0 |
| 4 | 2,2 |
| 5 | 10,4 |
| 6 | 4,0 |
| 7 | 2,1 |
| 8 | 2,3 |
| 9 | 1,6 |
| Десна | 13,0 |
| Не знам | 19,3 |
| Без одговор | 34,7 |
| На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)? | % |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19,0 |
| СДСМ | 9,9 |
| ДУИ | 8,6 |
| ДПА | 4,0 |
| Други | 4,3 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 52,0 |
| Без одговор | 2,2 |
| Регион | % |
| Скопски | 29,6 |
| Југоисточен | 9,1 |
| Источен | 10,0 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 7,4 |
| Југозападен | 10,9 |
| Полошки | 15,1 |
| Пелагониски | 9,9 |

## Профил на МЦМС

МЦМС веќе 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 49 милиони евра.

Во полето на граѓанското општество ги зајакна капацитетите на над 200 организации, организира шест национални НВО саеми (268 настани, над 40.000 посетители), обучи над 10.000 лидери и активисти на граѓанските организации. Го водеше проектот за техничка помош на Одделението за граѓанско општество во чии рамки се подготви првата Стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор за 2007-2012, а учествуваше и во подготовката на Стратегијата за периодот 2013-2017 г.. МЦМС од 1995 г. придонесува за создавање овозможувачката околина за граѓанските организации пред сè преку активна вклученост во подготовка, донесување и следење на Законот за здруженијата на граѓани и фондации (1998 г.) и новиот Закон за здруженијата и фондациите (2010 г.). Исто така, се преземаат низа активности за подобрена даночна рамка за граѓанските организации, како и анализи и предлози за подобрување на системот на државно финансирање на граѓанските организации. МЦМС два пати го спроведе и сеопфатното истражување за граѓанското општество, Цивикус – Индекс на граѓанското општество, а од 2006 г. редовно го истражува и социо-културниот контекст за дејствување на граѓанското општество преку анкетите за довербата, општествената одговорност на граѓаните и општествените вредности. Повеќе информации за МЦМС: www.mcms.mk.

## Продолжи со читање

**Листа на публикации на МЦМС:** http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**

**Долг пат до поголем граѓански ангажман – Аналитички извештај, 2011**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-izvestaj.html

**Довербата во Македонија, 2010**: http://www.mcms.mk/images/docs/2011/doverbata-vo-makedonija-2010.pdf

**Довербата во граѓанското општество, 2008**: http://www.mcms.mk/images/docs/2008/doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2008.pdf

**Довербата во граѓанското општество, 2007**: http://www.mcms.mk/images/docs/2007/doverbata-vo-gragjanskoto-opstetsvo-2007.pdf

**Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија, 2006**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/642-doverba-odgovornost-opstestveni-prasanja-dobrotvorstvo.html

Нурединоска, Е., Кржаловски, А., Стојанова Д. (2013) **Довербата во граѓанското општество** [интернет]. Скопје, МЦМС и ТАКСО-Македонска канцеларија. Адреса: <http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1436-doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2013.html>[Посетена на: датум и година].

## Како да се референцира

Стојанова, Д. (2015) **Довербата во граѓанското општество** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: <www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1449-doverba-vo-lugjeto-i-vo-instituciite-2013.html> [Посетена на: датум и година].